20262594618

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 48-а став 1 точка 5 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21, 74/24 и 16/25), член 131, член 139 став 1 точка 1 и став 2 и член 140 став 5 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 122/21 и 37/25), Извршниот одбор на Народната банка на Република Северна Македонија, на седницата одржана на ден 4.11.2026 година, донесе

РЕШЕНИЕ

Во Решението на Извршниот одбор на Република Северна Македонија бр.15-35241/1 од 1.11.2026 година, со коешто е воведена администрација во „АЛТА банка“ АД Битола, се вршат следниве измени и дополнувања:

1. Во точката 9 по ставот 6 се додава нов став 7 којшто гласи:

„По исклучок на ставот 3 од оваа точка, трансакциите врз основа на повлекување готовина од платежна сметка за физички лица во земјата коишто немаат платежна картичка се ограничуваат на износ најмногу до 20.000 денари по клиент кумулативно, во период од две седмици.“.

2. Во останатиот дел, Решението на Извршниот одбор на Република Северна Македонија бр.15-35241/1 од 1.11.2026 година, е непроменето.

3. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и во најмалку еден дневен весник.

Образложение

Со Решението на Извршниот одбор на Народната банка на Република Северна Македонија бр.15-35241/1 од 1.11.2026 година, воведена е администрација во „АЛТА банка“ АД Битола.

Во член 139 став 2 од Законот за банките е определено дека со решението за воведување на администрација во банка се утврдуваат овластувањата на администраторите.

Согласно член 140 став 5 од Законот за банките, на банката во периодот на траење на администрацијата може да ѝ се ограничи давањето на платежни услуги.

Имајќи го предвид наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА:
Решението е конечно.
Против ова решение може да
се поведе управен спор со
поднесување тужба до Управниот суд,
во рок од 30 дена од денот
на приемот на Решението.

Гувернер
и претседавач на Извршниот одбор
на Народната банка на
Република Северна Македонија,
д-р **Трајко Славески,** с.р.

Бр. 15-35241/9
4 ноември 2026 година
Скопје